# ЗАКОН ЗА ЗАДОЛЖУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СО СТОКОВЕН КРЕДИТ ВО ПЧЕНКА ОД СОЕДИНЕТИТЕ АМЕРИКАНСКИ ДРЖАВИ

**"Сл. весник на Р Македонија" бр.48/94 од 12.09.1994 година**

## Член 1

Република Македонија се задолжува со стоковен кредит во пченка од Соединетите Американски Држави, во износ од 7 милиони американски долари.

## Член 2

Условите и начинот на користење на кредитот од член 1 на овој закон ќе се утврдат во Договорот кој ќе се склучи меѓу Република Македонија и Корпорацијата за кредитирање на стоки, Агенција и инструмент на Владата на Соединетите Американски Држави.

Во име на Република Македонија, Договорот од став 1 на овој член ќе го потпишат министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство и министерот за финансии.

## Член 3

Кредитот од член 1 на овој закон ќе се отплатува во 26 еднакви годишни рати, со камата од 3% и грејс период од пет години со камата од 2%.

## Член 4

Република Македонија кредитот од член 1 на овој закон ќе го отплатува од средствата на Буџетот на Република Македонија.

## Член 5

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".